Република Македонија

**Министерство за здравство**

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА РАДИОЛОГИЈА - Скопје
Бр. 0307 - 646/1
09 - 07 2013 год.
СКОПЈЕ

Друштво за трговија [redacted] апарати и информ... во здравството
ВИСАРИС МКД увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 04/07
16/07 2013 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## ЗА НАБАВКА НА НОВА ОПРЕМА-РЕНТГЕН АПАРАТИ, ДИГИТАЛНА PACS АРХИВА, ДИЈАГНОСТИЧКА РАБОТНА СТАНИЦА И РЕЗАЧИ НА ДИКОМ ЦД/ДВД

Помеѓу:

1. **ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА РАДИОЛОГИЈА,** ул. * Белградска б.б. 1000 Скопје, застапувано од Директорот, проф. д-р Надица Митреска и дипл екн. Гоце Велјаноски (во понатамошниот текст: **Краен корисник**) и

2. **ВИСАРИС МКД СКОПЈЕ ,** Градски стадион б.б Скопје застапувано од управителот Марко Петровиќ, (во натамошниот текст : **Носител на набавката**)

### ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е набавка на **НОВА ОПРЕМА-РЕНТГЕН АПАРАТИ, ДИГИТАЛНА PACS АРХИВА, ДИЈАГНОСТИЧКА РАБОТНА СТАНИЦА И РЕЗАЧИ НА ДИКОМ ЦД/ДВД**, согласно техничката спцификација од Тендерската документација и понудата на Носителот на набавката, од спроведената отворена постапка со објавување на оглас бр.87/2012 година како составен дел од овој договор.

### ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Јазик на овој договор и на другите документи кои претставуваат составен дел на овој договор, е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

### ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

| [illegible] | Назив на предметот на набавка | ЕМ | Кол. | Вкупна цена без ДДВ | Вкупно ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дигитален рентген апарат за флуороскопија | | [illegible] | 125,000.00 | 23,220.00 | 152,220.00 |
| | **Систем за дигитализација на радиографски уред** | | 1 | 52,900.00 | 9,522.00 | 62,422.00 |
| 2 | **Радиолошки информационен систем** | | 1 | 24,900.35 | 1,245.02 | 26,145.37 |
| 3 | Софтвер за дијагностичка работна станица | | 6 | 40,356.00 | 20,178.00 | 60,534.00 |
| 4 | **ПАКС Архива и диструбуција на снимки** | | 1 | 29,900.00 | 1,495.00 | 31,395.00 |
| 5 | Систем за управување со работните листи (MWL/MPPS) | | [illegible] | 14,900.00 | 745.00 | 15,645.00 |
| | | | | | | |
| | ВКУПНА ЦЕНА ЗА ДЕЛ | | | 291,956.35 | 56,405.02 | 348,361.37 |

Вредноста на предметот на набавката од овој договор без вклучен ДДВ изнесува **291,956.35 €** евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија. Вкупната вредност на ДДВ изнесува **56,405.02 €** евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија.Вкупната вредност на овој договор со вклучен ДДВ изнесува **348,361.37 €** евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија.

**НАЧИН И УСЛОВИ НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 4**

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши во период од 3 (три) години и тоа 2013, 2014 и 2015 година по целосно завршување на предметот на набавката од овој договор.

Договорниот орган се обврзува плаќањето на предметот на набавката од член 3 на овој Договор да биде најдоцна до 01 јуни за тековната година од буџетот на ЈЗУ Универзитетска Клиника за радиолиогија и тоа на следниот начин:

Средства во износ од 116.120.45 евра во денарска противвредност најдоцна до 31.12.2013 година.
Средства во износ од 116.120.45 евра во денарска противвредност најдоцна до 01.06.2014 година.
Средства во износ од 116.120.45 евра во денарска противвредност најдоцна до 01.06.2015 година.

**РОК И МЕСТО НА ИСПОРАКА**

**Член 5**

Носителот на набавката е должен да го испорача и инсталира предметот на набавка во рок од 150 (стопедесет) дена од денот на склучувањето на овој договор. Носителот на набавката е должен предметот на набавка да го испорача и инсталира во ЈЗУ Универзитетска Клиника за радиолиогија.

Испораката на предметот на набавка на овој договор се смета за извршена по потпишувањето на записник за примопредавање од овластеното лице на Договорниот орган и овластеното лице на Носителот на набавката.

**Член 6**

Крајниот корисник на набавката презема обврска за подготовка на простории, обезбедување адекватен простор и услови за инсталација и пуштање во употреба на опремата.

**ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 7**

Во случај на доцнење со испораката на предметот на набавката од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина на 0,03% од вредноста на овој договор за секој ден задоцнување, но вкупно не повеќе од 3% од вкупната вредноста на договорот без ДДВ.

**ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ**

**Член 8**

Носителот на набавката се обврзува дека во рок од 15 дена од денот на потпишувањето на овој договор, да достави банкарска гаранција во износ од 5% од вкупната вредност на договорот без ДДВ, со која ќе се гарантира квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување треба да биде со важност од 150 (сто и педесет) дена, плус 14 денови по крајниот рок за испорака на предметот на набавка.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување ќе биде вратена на Носителот на набавката во рок од 7 (седум) дена од денот на исполнување на обврските од договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување мора да гласи во валутата утврдена во овој договор. Текстот во банкарската гаранција за квалитетно извршување мора да потврди дека банката ќе биде задолжена да исплати износ на првото барање на корисникот на гаранцијата (Договорниот орган) безусловно и без противење на Носителот на набавката, а максимум до вкупниот износ од банкарската гаранција за квалитетно извршување.

Договорниот орган ќе ја наплати банкарската гаранција за квалитетно извршување во следниве случаи:

- Ненавремена испорака на предметот на овој договор или неисполнување на другите обврски преземени со овој договор;
- Повреда на договорот по вина на Носителот на набавката;
- Одговорноста на Носителот на набавката за материјални или правни недостатоци од предметот на овој договор;
- Во случај на целосно неиспорачување на предметот на набавката.

Договорниот орган има право да наплати банкарската гаранција и кога нејзиниот износ ја надминува штетата што ја претрпел.

Ако штетата што ќе ја претрпи е повисока од висината на банкарската гаранција, Договорниот орган има право од Носителот на набавката, да бара разлика до целосен надомест на штетата.

**ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 9**

Носителот на набавката е должен да ја испорача предметот на набавка на носителот на набавката во времето и на местото со овој договор.

Носителот на набавката е должен да ја испорача предметот на набавка на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија согласно техничката спецификација од Тендерската документација од постапката бр.87/2012 година спроведена од страна на Министерството за здравство.

Носителот на набавката е должен да обезбеди високо – стручен технички и едуциран од производителот на опремата персонал кој ќе биде задолжен за инсталирање на опремата предмет на набавка.

Носителот на набавката е должен да обезбеди високо – стручен технички и едуциран од производителот на опремата персонал, за обука на лицата кои ќе работат со опремата предмет на набавка.

Носителот на набавката е должен да обезбеди гаранција на опремата за период од 3 (три) години.

Носителот на набавката е должен да обезбеди резервни делови во гарантниот период од 3 (три) години и 3 (три) години во постгарантниот период.

**ГАРАНЦИЈА НА МЕДИЦИНСКАТА ОПРЕМА**

**Член 10**

Носителот на набавката ќе обезбеди гаранција на медицинската опрема во период од 36 месеци од која опфаќа бесплатно редовно сервисирање и одржување на опремата и замена со нови делови, сметајќи од неговото предавање на договорниот орган.

Договорниот орган може, ако предметот на набавката не функционира исправно да бара од носителот на набавката така и од производителот да го поправи предметот на набавката во рок од 30 дена или ако тоа не го стори да му предаде предмет на набавка во исправна и функционална состојба.

Во случај на помала поправка, гарантниот рок се продолжува онолку колку што Договорниот орган бил лишен од употребата на предметот на набавката.

Меѓутоа, кога поради неисправното функционирање е извршена замена на предметот на набавката, или нејзина суштествена поправка, гарантниот рок почнува повторно да тече од замената, односно од враќањето на поправениот предмет на набавка.

Ако Носителот на набавката не изврши во разумен рок од 30 дена поправка или замена на предметот на набавката, Договорниот орган може да го раскине договорот или да ја намали цената и да бара надомест на штетата

Носителот на набавката ќе обезбеди бесплатни резервни делови и редовен сервис во периодот од 36 месеци од гарантниот период и ќе обезбеди резервни делови по цена кој што дополнително ќе биде договорена помеѓу страните и тоа во 3 (три) години постгарантен период.

**НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА СТОКАТА/ИТЕ**

**Член 11**

Примопредавањето на стоката/те се состои во вршење на потребните дејствија за да биде возможно предавањето, како и превземањето на предметот на набавката.

За примопредавањето се составува записник за примопредавање кој го потпишуваат двете договорни страни.

Од денот на составувањето и потпишувањето на записникот настануваат последиците во врска со примопредавањето на предметот на набавка.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 12**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

**ВИША СИЛА**

**Член 13**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на договорот до кое би дошло заради Виша сила.

Носителот на набавката нема да биде одговорен за делумно или целосно неизвршување на овој договор, ако тоа е резултат на настани од виша сила.

Виша сила, според овој договор, значат настани кои не зависат од носителот на набавката, кои не се резултат на грешка или невнимание на носителот на набавката и настани кои што во моментот на склучувањето на договорот не можеле да се предвидат.

Настани на виша сила според овој договор се војна или револуции, пожари, поплави, епидемии, карантински забрани или транспортни ембарга и други непредвидливи состојби.

Ако настане состојба на виша сила, носителот на набавката веднаш писмено ќе го извести Договорниот орган. Освен, ако не е писмено наложено од Договорниот орган, носителот на набавката ќе продолжи и понатаму да ги извршува договорните обврски додека тоа е изводливо и ќе ги бара сите можни алтернативни начини за извршување на овој договор, што нема да биде спречено од виша сила.

Ако настаните на виша сила продолжат да траат за период од 60 дена, страните на овој договор можат, со заедничка согласност да прекинат овој договор, без ниедна страна да сноси одговорност кон другата.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 14**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 15**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 16**

Овој договор е составена во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на нејзиното склучување.

**КРАЕН КОРИСНИК**
**ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА РАДИОЛОГИЈА**
**Одговорно лице**

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА**
**ВИСАРИС МКД**
**Одговорно лице**
**Марко Петровиќ**